# Упис на вистински сопственик

Граѓанските организации согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, имаат обврска да поседуваат и чуваат податоци за својот вистински сопственик и истите да ги внесат во Регистарот на вистински сопственици.

Уписот во регистарот на вистински сопственици се врши електронски преку Централниот регистар и може да го извршите самите (доколку поседувате дигитален сертификат и кориснички налог на страницата на ЦР) или тоа можат да го сторат и други лица кои ги имате овластено преку системот на администраторот.

Уписот во регистарот на вистински сопственици може да го направите на следниот линк: https://www.crm.com.mk/mk/uslugi/izvrsham-upis-ili-zavrsham-obvrska/zapishi-vistinski-sopstvenik/upis-na-vistinski-sopstvenik-na-subjekt

Доколку уписот на вистински сопственик го направите во рок од 15 дена од уписот на основање/настаната промена на вистинскиот сопственик, услугата е бесплатна, но доколку се надмине овој рок предвиден е упис со надомест согласно Тарифата на Централен Регистар. https://www.crm.com.mk/mk/za-tsrrsm/osnovni-informatsii-za-institutsijata/tarifa